

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА СКУЛПТУРА

*(Од збирката на МСУ - Скопје)*

Во долгогодишната соработка помеѓу Музејот на современата уметност во Скопје и Уметничката галерија во Куманово се разменети повеќе самостојни и групни изложби на современата светска и југословенска уметност (сликарство, цртеж, графика), конципирани со дела од збирките на Музејот.

Овој пат на кумановската јавност ѝ прикажуваме еден сублимиран преглед на современата македонска скулптура, исто така од неговите збирки. Презентираните дела на оваа изложба се настанати главно во последните две децении а нивните автори ѝ припаѓаат на средната и помладата генерација скулптори. Следејќи ги движењата во современата југословенска и светска уметност тие речиси наполно ја отфрлаат академски обликуваната форма, синтетизирајќи ги искуствата на разновидните струења во повоената скулптура, третирајќи при тоа тематика од нашето историско минато, современото живеење или пак од својата длабока интима.

Покрај основоположникот на современата македонска скулптура Димо Тодоровски, кој се задржува во рамките на класичниот реалистички израз, останатите автори, на изложбата се претставени со слободно конципирани, асоцијативни или апстрактни форми со нагласена индивидуалност и современ пластичен сензибилитет. И кога се задржуваат на човечката фигура, таа е најчесто моделирана со редуцирање на деталите и стилизација на формите, или пак со нагласена експресивност на скулпторската маса (Андреевски, Митриќески, Николовски, Василев). Одреден лирски пристап се чувствува во творбите на Лафазановски и Чушков, нагласен интерес за содржини од современото живеење кај Ивановски — Карадаре, или пак за внесување елементи на симболика кај Беќаровски. Делата на другите автори, лишени од секаква наративност всушност претставуваат подалечни асоцијации за природните и органски форми, за фигурата, предметот или скулпторалната архитектоника во која доаѓа до симбиоза на органични и механички елементи (Хаџи Бошков, Маневски, Попоски - Дада, Конески, Абдурманов, Ајтовски).

Се надеваме дека друг пат ќе имаме можност да ги прикажеме достигнувањата во пластичниот израз на најмладата генерација македонски скулптори, кои инспиративно се доближуваат до најсовремените трендови во современата светска скулптура.

Љ. Дамјановска

КАТАЛОГ

Коста АБДУРМАНОВ (1927)
1. СИМБИОЗНА ФОРМА III, 1983
дрво, 68 x 30 x 40

Славе АЈТОВСКИ (1946)
2. ОЛУЈА, 1980
патинирана бронза, 36 x 50 x 26

Томе АНДРЕЕВСКИ (1935)
3. ГЛАВА, 1966
метал, 28 x 20 x 22

Насо БЕЌАРОВСКИ (1938)
4. КРИЛА НА СЛОБОДАТА, 1974
метал, 88 x 62 x 35

Васко ВАСИЛЕВ (1938)
5. СКУЛПТУРА I, 1979
дрво, 100 x 40 x 25

Александар ИВАНОВСКИ — КАРАДАРЕ (1943)
6. ПРЕД ИЗЛОГ, 1982
бронза, 25 x 27 x 19

Бранко КОНЕСКИ (1935)
7. СКУЛПТУРА БР. 2, 1978
мермер, 48 x 40 x 28

Илија ЛАФАЗАНОВСКИ (1939)
8. ПРЕГРАДКА, 1984
камен, 45 x 20 x 20

Стефан МАНЕВСКИ (1943)
9. СКУЛПТУРА X - I, 1977
метал и боено дрво, 60 x 30 x 10

Боро МИТРИЌЕСКИ (1927)
10. КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ, 1969
дрво, 98 x 25 x 18

Борис НИКОЛОВСКИ (1935)
11. ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ, 1975
дрво, 80 x 32 x 32

Драган ПОПОСКИ — ДАДА (1933)
12. РАЗЛЕВАЊЕ IV, 1980
мермер, 18 x 18 x 18

Димо ТОДОРОВСКИ (1910—1983)
13. ДЕВОЈКА — АКТ, 1960
бронза, 35 x 17 x 22

Петар ХАЏИ БОШКОВ (1928)
14. СКУЛПТУРА — СТУДИЈА VI, 1971
метал, 131 x 22 x 16

Благој ЧУШКОВ (1936)
15. МУЗИЧАР, 1980
боена теракота, 35 x 35 x 22

Изложбата ќе се отвори во Уметничката галерија — Куманово на 12-ти јуни (петок) 1987 во 13 часот.